Национална агенција за европски образовни програми и мобилност

**Потпрограма Грундвиг**

**Најчесто поставувани прашања- Индивидуални мобилности**

**Дали можам индивидуално да се пријавам?**
Не. Формуларите за предлог проекти се поднесуваат само преку соодветната институција, која мора да има статус на правно лице.

**Кои земји можам да ги посетам?**
Мобилностите можат да се реализираат исклучиво во земји членки на ЕУ.

**Како се пребарува по базата за курсеви?**
Со кликање на копчето "search form" се отвара страница каде што со избор на различни критериуми соодветни на Вашето професионално искуство, потреба за усовршување и тема на курсот, датуми на одржување, целни групи, јазик на кој ќе се одвива наставата итн, се добива листа на курсеви кои се поклопуваат со бараните критериуми. За почеток, подобро е да се изберат помалку критериуми, како би се добила поразновидна листа на курсеви.

**Дали морам да се пријавам за Обука на работно место, исклучиво на курс предложен во Базата?**
Предложената база не е од ексклузивен карактер. Можете да се пријавите на било кој курс кој е соодветен на Вашите потреби за обука, и се поклопува со приоритетите на Грундвиг потпрограмата.

**Кој е кодот идентификација на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност?**
MK1 LLP (NAEEPM).

**Што е National ID?**
National ID е единстваниот матичен број на Вашата институција. Можете да го видите во Решението за регистрација или во Тековна состојба на Вашата институција издадени од Централен регистар.

**Што значи ознаката DRAFT на формуларот за аплицирање?**
DRAFT значи дека апликацијата сеуште не е формално поднесена по електронски пат. Откако ќе бидат пополнети сите обврзни полиња во апликацијата (означени со црвена рамка) со кликнување на копчето "Submit on-line" на последната страна на апликацијата, таа се поднесува електронски во централниот систем на апликации. Со тоа оваа ознака се губи.

**Јас сум волонтер во НВО. Како да го пополнам делот: C2. Profile of the applicant-Employment status од апликацијата за Обука на работно место?**
Апликациите се поднесуваат исклучиво преку институција. Тоа значи, без оглед на Вашиот статус во организацијата, институцијата стои позади Вашата номинација за учество на соодветниот курс. Со тоа, Вие не се пријавувате индивидуално, туку во функција на Вашиот ангажман во НВО. Затоа треба да се избере опцијата – ВРАБОТЕН.

Откако ќе се избере ова поле, на крајот на апликацијата се појавува ново поле во кое се внесува потписот од овластено лице и печат од институцијата која Ве номинира.

**Во рамките на Подготвителни посети, можам ли да посетам повеќе од еден партнер?**
Можете да се пријавите за посета најмногу на два партнери во рамките на едно патување. За двете патувања следува просечен грант од вкупно 1000 евра.

**Можам ли да одам на друг настан за вмрежување, надвор од објавената листа на контакт семинари?**
Само учество на контакт семинарите организирани од Национални агенции може да биде финансиски поддржано со средства од програмата Доживотно учење.

**Ќе учествувам на конференција/курс/подготвителна посета во Британија преку потпрограмата Грундвиг. Како до таму, како до виза?**
Националната агенција може да Ви издаде потврда со која се докажува дека сте добиле грант за учество во соодветната мобилност, со кој се покриваат трошоците за време на Вашиот престој таму. Закажувањето на термин за поднесување барање за виза, обезбедувањето на другите документи потребни за виза, организирањето на патувањето, како и сместувањето, доколку тоа не е веќе организирано од организаторот, е Ваша обврска. Националната агенција не посредува при вадењето виза, обезбедување билети или хотелско сместување.

**Што е *job shadowing- набљудување на работно место? Каде тоа моќе да се спроведе?***
Набљудување на работно место е вид на обука во која преку набљудување на работата на колега/шка во институција во странство може да се научи како се одвива секојдневното работење. Ова е можност од прва рака да се научи за работната средина, методите и начините на работење во пракса, примери на добри практики, совети и искуства кои подоцна можете да ги примените во Вашето работење. Оваа мобилност може да се реализира во било која институција во ЕУ која е соодветна и референтна во Вашата област на интерес.

**Дали може мојот партнер од Германија да дојде на Конференцијата која ја организираме во Охрид?**
Не, во 2010 година само учесници од Република Македонија можат да посетат различни настани во некоја ЕУ земја, но не и да бидат домаќини на своите колеги и соработници, освен во Партнерствата за учење.

**Можам ли да одам на курс во Република Македонија со поддршка на Грундвиг програмата?**
Не, затоа што Национална агенција не поддржува активности кои се реализираат на национално ниво. Секоја мобилност која се реализира во рамките на потпрограмата Грундвиг мора да има силно изразена европска димензија.

**Јас сум администратор/надворешен соработник во Работнички универзитет. Можам ли да се пријавам за Грундвиг Обука на работно место?**
Да, сите кои на некој начин се вклучени во образованието за возрасни, во формална, неформална или информална смисла, можат да учествуваат во акцијата Обука на работно место. Ќе изберете курс кој одговара на Вашиот интерес и потребата од обука.

**Јас предавам информатика во НВО, работам со жени од рурални средини, кои се без образование. По професија сум информатичар. Дали може преку Грундвиг да го подобрам моето познавање на англискиот јазик?**
Не, бидејќи, во т.н. јазични курсеви можат да учествуваат само:

- Наставници/едукатори по помалку познати и помалку распространети јазици
- Наставници/едукатори кои подучуваат друг предмет на странски јазик
- Кандидати кои се во постапка на преквалификација за наставник по странски јазик
- Кандидати кои учествуваат во Грундтвиг партнерства и јазичниот курс им е потребен за таа цел.

**Јас сум лице со хендикеп. Можам ли да патувам непречено?**
Ако имате специјални потреби, на пример тие произлегуваат од одреден инвалидитет, може да побарате грант за  дополнителни трошоци за да се обезбеди Ваше учество во посетата. Грантот за дневен надомест и патни трошоци ќе се проценува за секој случај поединечно, и врз основа на реално настанатите трошоци.

**Можам ли да се пријавам за учество на Светска Конференција?**
Во основа, Грундвиг и целата програма за Доживотно учење поддржуваат активности кои имаат силно изразена европска димензија, поттикнуваат европска размена на знаења, искуства и вештини и го промовираат европскиот идентитет. Светските настани не се приоритет на овие програми.

**Што значи дисеминација на резултати?**
Тоа е начин на кој стекнатото искуство, знаење или остварен контакт ќе биде пренесен на целната група во Вашата работна околина или локална заедница. Постојат голем број начини како тоа може да се направи, во прилог само некои од нив: одржување на работилници со колегите и/или корисниците за запознавање со новините, кампања за подигнување на свеста околу одредено прашање, објава на статии во весници или учество во други медиуми, организирање на сличен курс во Вашата институција, иницирање на сличен Грундвиг проект во Вашата институција со партнери од ЕУ итн.

**Кои трошоци можат да бидат покриени? Постои ли највисок износ за кој можам да се пријавам?**
Грантот е придонес кон трошоците кои настануваат при Вашата мобилност, што значи дека сите трошоци во целост не мораат да бидат покриени. Просечните износи варираат во зависност од видот на акцијата. Финансиската поддршка опфаќа:

- Трошоци за дневен надомест (т.н. subsistence costs)
- Патни трошоци
- Останати трошоци (котизација за курсот, јазични, културни и педагошки подготовки).

**Што се подразбира под трошоци за дневен надомест (subsistence costs)?**
*Трошоци за дневен надомест* (т.н. subsistence costs) опфаќаат трошоци за: храна, сместување, локален превоз, факс, комуникации, осигурување...). Трошоците за дневен надомест се темелат на дневните потреби во земјата на патување. Должината се пресметува врз основа на времетраењето на активноста плус еден ден поминат во пат при заминувањето или враќањето од странство (доколку е потребно).

**Што е пакет на трошоци (package costs)?**
За контакт семинарите вооообичаено се плаќа котизација во облик на пакет на трошоци, кој ги покрива трошоците за сместување, храна, материјали, како и учество во културни настани. Ако трошоците за дневен надомест се вклучени во котизацијата како пакет на трошоци, неможете да побарате дополнителна финансиска поддршка за тоа.

**Кога можам да очекувам да ги добијам средствата?**
По потпишувањето на договорот за грант, националната агенција на Вашата сметка ќе префрли 80% од доделениот износ, што вообичаено би требало да се случи пред да заминете на пат. По враќањето, во рок од 1 месец, должни сте да поднесете наративен и финансиски извештај до Националната агенција. Откако Вашиот извештај ќе биде и официјално прифатен, Националната агенција ќе изврши балансирање на разликата во однос на доделениот грант кајко максимална вредност и реално направените и оправдани трошоци.

**Работам во НВО, и сакам да се пријавам за Обука на работно место во Данска, но слабо го владеам англискиот јазик. Можно ли е да ги подобрам моите јазични вештини во Македонија, пред патувањето?**
Доколку работниот јазик на курсот е јазик кој сметате англискиот, а сметате дека Вашето познавање на истиот може да влијае на квалитетот на знаењето што би го стекнале таму, Националната агенција може да ви додели средства за јазични подготовки.

**Дали корисниците кои учествуваат на некоја мобилност можат да добијат трошоци за дневен надомест со кои би се покрило дополнително ноќевање, доколку не постои можност за пристигнување на денот на почетокот на настанот, или враќање еден ден по завршување на настанот заради авионските летови?**
Да, само доколку Националната агенција оцени дека е тоа оправдано, т.е. само доколку навистина не постои начин патувањето да се реализира во предвидените термини.

**Смеам ли да користам такси превоз од Гевгелија до Скопје?**
Во рамките на програмата за Доживотно учење можат да бидат користени само форми на јавен превоз. Такси услугите ќе бидат оправдани САМО доколку не постои друг вид на превоз. Трошоците ќе бидат надоместени во износ на повратен автобуски/возен билет, и тоа со презентирање ан потврда од автобуска/железничка станица за цената на чинење.

**Можеме ли да вршиме прераспределба на средствата од различни ставки во буџетот?**
Сумите кои се доделени се максимални и дефинирани со Договорот за грант кој сте го потпишале. Не е дозволено прераспределување на средствата од ставка во ставка. Доколку сте потрошиле помалку средства за пат, тие неможат да бидат прераспределени во средства за дневен надомест, туку, ќе бидат одземени од крајниот износ на финансиската поддршка.